РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1651/1
29-05-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со број 08-4899/1 од 15.11.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-08-4899/1 од 15.11.2021 година.
Предметот со број 08-4899/1 од 15.11.2021 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката на ДКСК, со образложението во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-4899/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
ДКСК на колегиум одржан на 20.09.2021 година заклучи да изврши проверка во изданијата на Службен весник на РСМ во 2021 година, и да утврди кои лица се избрани/именувани лица односно на кои лица им престанала функцијата и да се направи увид во евиденцијата на ДКСК за да се утврди кои лица не ја исполниле законската обврска за поднесување анкетен лист до ДКСК по избор/именување односно престанок на функција.
ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ------------------- во законски предвидениот рок по именување на функцијата член на надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ------------------------, не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата со што

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице не е постапено по однос на издадениот прекршочен платен налог по што ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка со број 08-1719/1 од 05.06.2024 година до Прекршочната комисија при ДКСК.

Прекршочната комисија при ДКСК донесе РЕШЕНИЕ со број 08-1719/2 од 16.07.2024 година во кое го прогласуваат за ОДГОВОРЕН.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Б.С советник
Контролирал: м-р Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: Б.Ц.. член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Заменик претседател,**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**